РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1125/2
16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10. 2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1125/1 од 13.03.2025 година, со наводи против поранешен директор на ЈП --------------- --------- , **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што е поминат долг период од пријавените дејствија и нема доволно податоци по однос на предметната набавка а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата.

Предметот со број 12-1125/1 од 13.03.2025 година, да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител на ден 13.03.2025 година, на електронската адреса на ДКСК доставена е пријава против лицето ---------- -------------, поранешен директор на ЈП ------------- -------------, со наводи за сомневања за неправилности во постапка за набавка на 4 ножеви за чистење на снег спроведена во 2011 година кои во 2016 година од страна на пријавеното лице биле подарени на приватна фирма. По пријавата е оформен предмет број 12-1125/1 од 13.03.2025 година.

По разгледувањето на пријавата, ДКСК констатираше дека во конкретниот случај се работи за наводи кои датираат од 2011 - 2016 година и за кои е поминат долг период од пријавените дејствија.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Воедно, во пријавата се наведени општи информации и нема доволно податоци по однос на предметната набавка а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ритовска**

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК